РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕ

## на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020

## (за период април 2017 – ноември 2018)

ноември, 2018

## Кратка содржина


1. Кратко резиме ........ 2

2. Оценка на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата ........ 3

 2.1 Цели на ИПАРД II Програмата ........ 3

 2.2 Анализа на процесот на спроведување по мерка ........ 3

1. Кратко резиме

Комитетот за следење на ИПАРД се задоволува во однос на ефективноста и квалитетот на имплементацијата на ИПАРД програмата со цел да се постигнат целите на ИПАРД програмата. Комитетот ги разгледува резултатите од ИПАРД Програмата, особено постигнувањето на целите поставени за различните мерки и напредокот во искористувањето на финансиските алокации за тие мерки и распределбите на подмерките во рамките на мерките во кои ИПАРД Програмата вклучува такви алокации.

Во овој поглед, Телото за управување со ИПАРД ќе ги обезбеди сите релевантни информации за напредокот на мерките и подмерките, да им бидат достапни на членовите на Комитетот за следење. За таа цел Телото за управување подготвува извештај за следење.

Полугодишните податоци за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата се претставени во годишниот извештај за следење, кој Телото за управување со ИПАРД го доставува до Комитетот за следење на ИПАРД и е составен дел од Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД програмата. ИПАРД Агенцијата е главен извор на податоци за следење на спроведувањето на Програмата. Форматот и фреквенцијата на доставување на податоци за следење се дефинирани во системот за следење кој е многу зависен од квалитетот на обезбедените податоци. Имајќи предвид дека ИПАРД Агенцијата не ги достави бараните податоци, овој извештај е подготвен користејќи податоци надвор од системот за следење (обезбедени од Агенцијата, но не како што е дефинирано во системот за следење) и анализа на Телото за управување со ИПАРД.

Имплементацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020 (ИПАРД II) започна во април 2017 година со доставување на барања за користење на средства на првиот повик. Овој извештај ги претставува резултатите од анализата за следење на податоците за барањата поднесени на првиот повик.

## 2. Оценка на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата

### 2.1 Цели на ИПАРД II Програмата

Иако Програмата потенцијално може да опслужува повеќе од една цел според ИПА II и нејзината конзистентност со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020, целите на Програмата можат да бидат групирани во следните приоритетни области:

- Зајакнување на одржливоста на земјоделството и конкурентноста на сите видови земјоделство и примарната преработка на храна, истовремено со постепено усогласување со стандардите на Унијата. Целите ќе се постигнат преку спроведување на мерки: „Инвестирање во физички средства на земјоделски стопанства" и „Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи".
- Враќање, зачувување и подобрување на екосистемите кои зависат од земјоделството и шумарството,
- Промовирање на избалансиран територијален развој во руралните средини. Целта ќе се постигне преку спроведување на мерките: „Подобрување и развој на рурална инфраструктура" и „Диверзификација на фарми и развој на бизнисот".
- Трансфер на знаење и зајакнување на капацитетите на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој.
- Мерката „Техничка помош" е хоризонтална мерка која го поддржува успешното спроведување на целата програма, затоа оваа мерка не може директно да се поврзе со посебна цел.

### 2.2 Анализа на процесот на спроведување по мерка

Имплементацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020 започна со објавување на првиот повик за аплицирање во април 2017 година со распоред на буџетот на ЕУ за периодот 2014-2020 година како што е прикажано во табелата подолу:

| Мерки | ЕУ придонес во € | |
|---|---|---|
| Инвестирање во физички средства на земјоделски стопанства | 21.800.000 | 36% |
| Инвестиции во физички средства во врска со преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи | 21.960.000 | 37% |
| Подобрување и развој на рурална инфраструктура | 9.100.000 | 15% |
| Диверзификација на фарми и развој на бизнисот | 4.740.000 | 8% |
| Техничка помош | 2.400.000 | 4% |
| Вкупно | 60.000.000 | 100% |

На првиот повик за аплицирање беа доставени 1.657 барања во Агенцијата, побарувајќи 73.852.269 евра од ЕУ фондовите. Процесот на административна контрола и контрола на лице место на барањата траеше подолго од очекуваното поради големиот број на поднесени барања. Првите договори беа склучени во јуни 2018 и до почетокот на ноември 2018 бројот на договори достигна 945 побарувајќи 13.012.886 евра од ЕУ фондови.

| Мерка | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | ЕУ придонес во € | Број | ЕУ придонес во € | Број | ЕУ придонес во € |
| 1 | 1404 | 18.003.385 | 909 | 8.039.491 | 50 | 210.573 |
| 3 | 57 | 13.027.728 | 31 | 4.966.272 | 1 | 50.060 |
| 7 | 187 | 42.558.585 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | 9 | 262.570 | 5 | 7.123 | 3 | 4.512 |
| Вкупно | 1657 | 73.852.269 | 945 | 13.012.886 | 54 | 265.145 |

Анализата на спроведувањето на програмата по региони и типови на инвестиции е направена од страна на Телото за управување, базирана на податоци надвор од системот за следење на ИПАРД и со датум од септември 2018.

Интересот на барателите од различни региони (NUTS 3) за користење на средства од ИПАРД е прикажан во табелата подолу[1]:

| Регион | Поднесени барања | Одобрени барања | Одобрен ЕУ придонес во € |
|---|---|---|---|
| Вардарски | 350 | 172 | 1.300.101 |
| Источен | 104 | 33 | 563.761 |
| Југозападен | 95 | 31 | 1.899.855 |
| Југоисточен | 150 | 55 | 1.186.184 |
| Пелагонија | 721 | 350 | 2.780.389 |
| Полошки | 44 | 11 | 318.649 |
| Североисточен | 92 | 30 | 256.164 |
| Скопски | 97 | 20 | 1.174.048 |
| Вкупно | 1653 | 702 | 9.479.151 |

Најголем дел од поднесените барања се за мерка 1 - Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства. Оваа мерка го поддржува примарното земјоделско производство, обработката на фарма и директен маркетинг на сопствено земјоделско производство и производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка.

Тракторите беа најбараниот тип на инвестиција со 1.036 поднесени барања и 500 склучени договори.

[1] Податоците претставени во табелата се со датум од септември 2018 и не се дел од системот за следење.

Типови на производство во мерка 1[2]:

| Тип на производство | Поднесени барања | Одобрени барања | Одобрен ЕУ придонес во € |
|---|---|---|---|
| Лозови насади | 160 | 99 | 553.911 |
| Овошни насади | 443 | 251 | 1.887.519 |
| Градинарство | 101 | 46 | 288.663 |
| Житни култури | 626 | 265 | 1.838.487 |
| Индустриски култури | 21 | 6 | 56.152 |
| Производство на млеко | 19 | 0 | 0 |
| Производство на месо | 10 | 0 | 0 |
| Производство на јајца | 4 | 0 | 0 |
| Производство на енергија од обновливи извори | 2 | 2 | 6.353 |

Во однос на мерката 3, како и во изминатиот програмски период, апликантите покажаа голем интерес за инвестирање во преработка на овошје и зеленчук.

Видови на производство засегнати од инвестицијата во мерка3[3]:

| Тип на производство | Поднесени барања | Одобрени барања | Одобрен ЕУ придонес во € |
|---|---|---|---|
| Преработка на овошје и зеленчук | 38 | 18 | 2.455.609 |
| Преработка на месо | 1 | 1 | 9.620 |
| Преработка не млеко | 12 | 8 | 2.278.845 |
| Винарство | 5 | 2 | 75.880 |

Во мерката 7 не се склучени договори. Видови на производство засегнати од инвестицијата во мерка 7:

| Тип на производство | Поднесени барања | Одобрени барања | Одобрен ЕУ придонес во € |
|---|---|---|---|
| Алтернативно земјоделско производство | 5 | | |
| Собирни центри за шумски плодови | 39 | | |
| Ветеринарни услуги | 8 | | |
| Активности за рурален туризам | 77 | | |
| Машински прстени | 4 | | |
| Услуги за руралната популација | 33 | | |
| Развој на занаетчиство | 21 | | |

[2] Податоците претставени во табелата се со датум од септември 2018 и не се дел од системот за следење.

[3] Податоците претставени во табелата се со датум од септември 2018 и не се дел од системот за следење.